**20242514420**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 17 став (1) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21, 174/21 и 241/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 68/21), членот 1 се менува и гласи:

„Со оваа одлука се формира Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот), во состав:

1. Министерот за локална самоуправа;
2. Министерот за финансии;
3. Министерот за економија и труд;
4. Министерот за транспорт;
5. Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини;
6. Министерот за образование и наука;
7. Министерот за социјална политика, демографија и млади;
8. Министерот за култура и туризам;
9. Министерот за животна средина и просторно планирање;
10. Министерот за европски прашања;
11. Министерот за спорт;
12. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство;
13. Претседателот на Советот за развој на Скопскиот плански регион;
14. Претседателот на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион;
15. Претседателот на Советот за развој на Североисточниот плански регион;
16. Претседателот на Советот за развој на Вардарскиот плански регион;
17. Претседателот на Советот за развој на Полошкиот плански регион;
18. Претседателот на Советот за развој на Источниот плански регион;
19. Претседателот на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
20. Претседателот на Советот за развој на Југозападниот плански регион и
21. Претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).“

Член 2

Во членот 2 зборовите „заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции“ се заменуваат со зборовите „министерот за локална самоуправа“.

Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

„Во случај на спреченост или отсутност на министерот за локална самоуправа, Советот го раководи заменик на министерот за локална самоуправа.“

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-12496/18
10 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.